**СВЕТСКИ ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ СИДАТА, 1. ДЕКЕМВРИ**




Секоја година 1-ви декември се одбележува како **Меѓународен ден за борба против СИДА-та**. Овој ден е посветен на подигнување на свеста за еден од најсериозните здравствени предизвици на денешницата и поттикнување на глобално заедништво во превенцијата на оваа болест. Светскиот ден за борба против СИДА-та и важноста на примената на знаењата за зачувување на половото и репродуктивното здравје, оваа година се одбележува под мотото ,, Нека водат заедниците/ да и го препуштиме водството на заедницата!" Оваа тема ја нагласува важноста на вклученоста на заедниците во превенцијата на ХИВ-СИДА и ја препознава заедницата како клучна алка во справување со предизвиците кои ги носи оваа епидемија, а за што побрзо достигнување на глобалната цел – ставање крај на ХИВ/СИДА епидемијата.

Целта на одбележувањето на Светскиот ден за борба против СИДА-та е спроведување на различни активности и медиумски настани заради информирање на јавноста, при што посебен акцент се става на информирање за достапноста на антиретровирусната терапија, превентивните мерки, нужноста од намалување на стигмата и дискриминацијата на која се изложени лицата кои живеат со ХИВ и луѓето од нивната блиска околина. За превенција се важни тестирање и рана дијагноза, рано отпочнување со лекување, едукација и информирање за другите полово преносливи болести како и промовирање одговорно однесување и заштита на половото и репродуктивното здравје.

**ХИВ и СИДА**

Разликата меѓу ХИВ (вирусот на хумана имунодефициенција) и СИДА (синдром на стекнат недостаток на имунитет) е темел на борбата против оваа болест. ХИВ го напаѓа имунолошкиот систем, но не мора нужно да води до СИДА, особено ако инфекцијата се открие рано и се отпочне со терапија. Раното откривање и отпочнување со медицински третман на лицата инфицирани со ХИВ им овозможуваат да водат уреден живот, а во исто време се намалува и ризикот од ширење на вирусот. ХИВ се пренесува преку одредени телесни течности, но не и преку секојдневните контакти со заразени лица, што е важна информација во борбата против стигмата која владее.

Раното откривање на ХИВ вирусот преку спроведување на тестирање овозможува брзо да се отпочне со лекување, што во значителна мера го подобрува квалитетот и должината на животот на

лицата кои живеат со ХИВ. Ефикасноста на антиретровирусната терапија овозможила ХИВ да стане хронична болест, со која може да се управува, а не смртна пресуда.  За да се постигне тоа, клучно е терапијата да биде достапна и пациентите редовно да ја земаат.

**Глобална статистика**

Во светот со ХИВ вирусот живеат околу 39 милиони луѓе, а до крајот на 2022 година од последиците на ХИВ инфекцијата починале околу 40 милиони луѓе. Благодарение на напредокот на медицината и достапноста на антиретровирусната терапија бројот на новоинфицирани и починати се намалува. Во 2022 година бројот на новоинфицирани изнесувал 1,3 милиони луѓе, што е намалување за 38% во споредба со 2010 година кога биле регистрирани 2,1 милион нови инфекции со ХИВ вирусот. Во во 2022 година од СИДА починале 630.000 луѓе во светот, што е за 51% помалку во споредба со 2010 година, кога бројот на починати изнесува 1,4 милиони.

**Состојба со ХИВ во Република Северна Македонија**

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи, бројот на заразени со ХИВ во нашата држава, од 1987 -2023 година изнесува 632 лица. Од нив починати се 126, а со ХИВ/СИДА живеат 476 лица.

Во Прилеп од почеток на епидемијата со ХИВ/СИДА регистрирани се 30 лица.

Иако бројот на нови случаи се намалува, потребата за едукација и превенција останува клучна. Организирање на работилници, предавања и други активности допринесуваат за надминување на стигмата и промоција на поотворен пристап кон темата ХИВ и СИДА. Овие иницијативи се особено важни во образовните институции и меѓу младите. Исто така вклучување на локалните заедници и организациите на цивилното општество има важна улога во ширење на пораките.

**Повикување на акција**

Светскиот ден за борба против СИДА-та е повеќе од годишно одбележување, тоа е континуиран повик на акција и солидарност. Важно е секој од нас да допринесе, било со тестирање, едукација или поддршка.  Секој мал чекор има големо значење.

**Заедно можеме да направиме промена и да градиме свет без СИДА. Само со зедничка борба, исполнета со емпатија и солидарност можеме да се спротиставиме на овој глобален предизвик.**

